# ПРИВАТНО | ЈАВНО

## заземање простор | правење простор

*серија настани во приватниот и јавен простор*
9 – 12 Јуни 2011, Скопје

## Дали сакате да учествувате?

Од 9 то 12 јуни, во Скопје ќе се случи настанот Приватно/Јавно, заземање простор | правење простор. Настанот се состои од изложба, дискусии, групни прошетки и други интервенции во приватни и јавни простори во Скопје. Ќе се постават прашања за индивидуалната перцепција на урбаната средина и нејзината врска со официјалната репрезентативна политика. Настанот испитува различни пристапи на прашањето *Што да се прави со Скопје* – како градот може да се перцепира и користи. Се фокусира на индивидуалните и субјективни приказни и пристапи; До кој степен приватното, субјективното и индивидуалното имаат влијание врз јавниот простор.

**Бараме мотивирани студенти, заинтересирани да асистираат на уметници од регионот и од Германија**

**Услови**

- да сте на располагање во периодот од 5 до 12 јуни
- мотивираност и интерес за современа уметност
- разговорно ниво на англиски јазик
- сигурност и одговорност

**Ние нудиме**

- размена со меѓународни уметници
- стекнување искуство во имплементација на проекти
- инспиративна работна атмосфера
- простор за креативност
- контакти за проширување на домашната и интернационална мрежа на контакти

**Рок за аплицирање:** 25 мај 2011

**Ве молиме испратете мејл со**

- **кратка биографија (до 200 збора)**
- **кратко мотивационо писмо (до 200 збора)**

**на следнава адреса:** ngokontrapunkt@gmail.com
**Лице за контакт**: Ксенија Чочкова